# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: opstina@mbrod.gov.mk
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК



| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **29.02.2024 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 2 – 2024 год.** |



Февруари 2024

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та (триесет и трета) седница, одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на Претседател на Совет на Општина Македонски Брод

1. Од функцијата Претседател на Совет на Општина Македонски Брод се разрешува:

- Дијана Јованоска - член на Совет на Општина Македонски Брод

2. Разрешувањето е согласно изгласаната недоверба од страна на мнозинството од вкупниот број членови на Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та (триесет и третата) седница на Советот на Општина Македонски Брод.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

Бр.18 - 223/3
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 47 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), член 19 и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со член 16 и член 19 од Деловникот на Советот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.1/05 и 5/19), Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та (триесет и третата) седница одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за избор на Претседател на Совет на Општина Македонски Брод

1. За претседател на Совет на Општина Македонски Брод се избира:

Марјан Алампиоски - член на Совет на Општина Македонски Брод

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

Бр.18 - 223/4
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседавач - најстар член на Советот
Зоран Велески, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19 и 89/22) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод„ бр. 2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод, на 33 - та седница, одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на управниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод

1. Важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на управниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод, бр.18 - 661/4 од 31.08.2023 година, се продолжува за период од 3 месеци, сметајќи од денот на влегување во сила на ова Решение.

2. Решението да се достави до именуваните и ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 - 223/5
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19 и 89/22) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод, на 33 - та седница, одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на надзорниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод

1. Важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на надзорниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод, бр.18 - 661/5 од 31.08.2023 година, се продолжува за период од 3 месеци, сметајќи од денот на влегување во сила на ова Решение.

2. Решението да се достави до именуваните и ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 - 223/6
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19 и 89/22) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод, на 33 - та седница, одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод

1. Важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод, бр.18 - 661/6 од 31.08.2023 година, се продолжува за период од 3 месеци, сметајќи од денот на влегување во сила на ова Решение.

2. Решението да се достави до именуваните и ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 - 223/7
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19 и 89/22) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод, на 33 - та седница, одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на надзорниот одбор на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод

1. Важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на надзорниот одбор на ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод, бр.18 - 661/7 од 31.08.2023 година, се продолжува за период од 3 месеци, сметајќи од денот на влегување во сила на ова Решение.

2. Решението да се достави до именуваните и ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 223/8
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 25 став 1 од Закон за полиција („Службен весник на РМ“ бр.114/06) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 13/22), по достава бр.18 - 201/1 од 08.02.2024 година до Советот на Општина Македонски Брод на 33 - седница одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на полугодишна информација за безбедносната состојба на подрачјето на ОВР ПС – ОН Македонски Брод за второ полугодие за 2023 година

1. Советот на Општина Македонски Брод ја усвои полугодишната информација за безбедносната состојба на подрачјето на ОВР ПС – ОН Македонски Брод за второ полугодие за 2023 година со бр. 23.22.10.1 – 291/1 од 29.01.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Број 18 - 223/9
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 40 точка 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на 21.02.2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

1.Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2024 година, бр.18 - 873/8 од 30.11.2023 година донесена од страна на Советот на општина Македонски Брод и тоа во точка „Д“ се дополнува со став 3:

Д.УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

-Изработка на урбанистички проект (УП) (член 58 точка 6) вон населено место за Е1.13 Фотоволтаични електрани поставени на земјиште на дел од КП бр.202/1, КП бр.202/2, КП бр.198, КП бр.199, КП бр.200 и КП бр.201 за КО Крапа, во површина од 1,31 ха, по иницијатива на приватно лице: Зоран Атанасоски, ул.„Славејко Арсов“ бр.42 од Скопје.

Финансирањето на изработката на Урбанистичкиот проект ќе биде на трошок на подносителот на иницијативата.

2.Останатите одредби од Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2024 година, бр.18 - 873/8 од 30.11.2023 година, остануваат непроменети.

3.Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 – 223/10
21.02.2024 година
Македонски Брод

Советот на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на 21.02.2024 година ја донесе, следната:

# П Р О Г Р А М А

за дополна на Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2024 година

Член 1

Со оваа Програма се врши дополна на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2024 година со број 18 - 873/5 од 30.11.2023 година се врши следната дополна:

Во точка 2. АКТИВНОСТИ, во делот А. ВОДОСНАБДУВАЊЕ, потточка - Изработка на проектна документација се дополнува со нова активност бр.10, која гласи:

| | |
|---|---|
| 10. | Изработка на проектна документација за изградба на водоводен систем за место викано Тажеска Река |

Член 2

Оваа дополна на Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2024 година, влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 223/11
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 точка 31 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), по достава бр.18 - 228/1 од 16.02.2024 година на ОУ Дом на култура – Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на ден 21 февруари 2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ Дом на култура Македонски Брод за 2023 година

1. Советот на Општина Македонски Брод, го усвои Годишниот извештај за работа на Општинска установа Дом на култура - Македонски Брод за 2023 година со арх.број 01-25/1 од 26.01.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18 - 223/12
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на 21.02.2024 година ја донесе следната:

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА
## НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Со оваа измена и дополна на Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2024 година со број 18 - 873/21 од 30.11.2023 година се врши следната измена, дополна и проширување:

Во точка VI. ПРЕГЛЕД НА ЛОКАЦИИ ЗА УРБАНА ОПРЕМА по потточка 4. Урбана опрема – рекламни и информативни паноа, Програмата се дополнува со нови локации и тоа:

- една локација на влезот во градот од исток
- една локација на влезот во градот од запад
- една локација наспроти мостот на река Треска

Член 2

Оваа измена и дополна на Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2024 година, влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 223/13
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на 21.02.2024 година ја донесе, следната

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА
## НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Со оваа измена и дополна на Програмата за социјална заштита на Општина Македонски Брод за 2024 година со број 18 - 873/12 од 30.11.2023 година се врши следната измена, дополна и проширување:

Во точка 4. АКТИВНОСТИ, по потточка 9. Организирање трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност (Македонски Брод), Програмата се дополнува со нови активности и тоа:

10. Создавање на дата база на податоци на лица од ранливи категории (мапирање и систематизирање на лицата од ранливи категории, според видот на категорија и потребите).
11. Работно ангажирање на евидентирани невработени лица со ниски квалификации, во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво.
12. Поддршка на активности на Советот за превенција на детско претстапништво (финансиска, материјална и со човечки ресурси).
13. Поддршка на активности што ќе се одвиваат во Дневниот центар за деца со посебни потреби.

Член 2

Оваа измена и дополна на Програмата за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2024 година, влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 223/14
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 15 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод како и член 36 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), согласно насоките од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Прилеп, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на ден 21.02.2024 година ја донесе, следната

# П Р О Г Р А М А
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2024 ГОДИНА

### 1.ВОВЕД

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16) заштитата на населението од заразни болест претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки. По потреба се спроведуваат и вонредни мерки.

### 2.ОПШТИ МЕРКИ

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. За заштита на населението од заразни болести во Општина Македонски Брод, во 2023 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување

2.Отстранување на отпадни води и друг вид тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина;

3.Отстранување на цврстиот отпад, на отпад од вишок на земјоделски производи и отпадните води, на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;

4.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

5.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено - технички мерки во населени места и други јавни површини;

## 3.АКТИВНОСТ И ДИНАМИКА

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и други заболувања на територијата на Општина Македонски Брод.

### 3.1.Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување

**ЦЕЛ**

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење согласно Правилникот за безбедност на вода (член 25), според кој ако се утврди дека водтат не е безбедна за пиење, ЈП Водовод и канализација треба:

- да го прекине  или ограничи испорачувањето на водата;
- Поставување натпис Водата не е за пиење;
- Да ги извести потрошувачите  и да им даде соодветни препораки;
- Да ја детектира причината за загадувањето, во соработка  со надлежните институции;
- Да спроведе итни мерки за одстранување на загадувањето;
- Доколку прекинот во испорачување  на вода  е подолг од 24 часа, ЈП Водовод и канализација треба да обезбеди снабдување на населението со вода на друг начин.

Безбедна вода за пиење е вода која не содржи микроорганизми, паразити и нивни развојни форми во број кој претставува опасност по здравјето на луѓето како и вода која не содржи супстанции во концентрации кои сами или заедно со други супстанци претставуваат опасност по здравјето на луѓето.

За да водата биде безбедна за пиење и да не содржи материи кои се штетни за здравјето на луѓето ЈП Водовод и канализација потребно е да врши соодветна дезинфекција и испитување според Правилникот за безбедност на вода и тоа :

- Дезинфекција и чистење на бунари, каптажи, резервоари за вода, водоводна мрежа и други објекти и постројки на јавен водовод се врши најмалку еднаш годишно (а во случај на елементарни непогоди почесто), сите бунари на вода како и сите водоснабдителни објекти треба да бидат заштитени од случајно или намерно загадување како и други објекти и постројки на јавен водовод се врши најмалку еднаш годишно (а во случај на елементарни непогоди почесто), сите бунари на вода како и водоснабдителни објекти треба да бидат заштитени од случајно или намерно загадување и загрозување на безбедноста на водата за пиење.

- Методологија за испитување на водата за пиење предвидува анализа на репрезентативен број на мостри на водата за пиење од :

- вода од бунари (2 пати годишно)
- вода од резервоарите за вода за пиење (2 пати годишно)
- вода од водоводна мрежа (24 пати годишно)

 вода на место на потрошувачката –земање на мостри на однапред утврдена локација, 24 пати годишно (2 пати месечно) временски просторно рамномерно распоредени при што треба да се води грижа да бидат опфатени сите значајни објекти кои имаат поголем број корисници како што се училиштата, амбуланти и други објекти

Во Општина Макрдонски Брод  има 52 населени места.Дел од населението во Општина Македонски Брод, со чиста вода за пиење се снабдува преку регионалниот водовод  „Студенчица“, дел од локални водоводи и бунари.Хлорирањето на водата се врши постојано на дневна основа. Анализи  на водата се вршат секој месец од страна на ЦЈЗ Прилеп.

Извештаи за исправноста на водата се изготвуваат месечно од страна на ЦЈЗ Прилеп и се доставуваат до ЈП Водовод и канализација Македонски Брод.За исправноста на водата што доаѓа од регионалниот водовод „Студенчица“ , извештај доставуваат од ЈПВ Студенчица – Кичево, еднаш несечно.

Финансиски средства за спроведување на оваа мерка и цел ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈП Водовод и канализација.

**3.2. Отстранување на отпадни води и друг вид тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина**

**ЦЕЛ**

●Заштита на населението и на животната средина со отстранување на отпадните води, согласно законските прописи.
●Собирањето на комуналниот смет од домаѓинствата за обезбедување на здрава и чиста животна средина.
●Заштита на вработените во Јавните комунални претпријатија, кои во својата работа се изложени на опасност заради  контакт со отпадни води и комунален смет, со што би се спречило првенствено настанување, а потоа и ширење на заразни болести.

Отстранување на комунален смет е уште една превентивна дејност за спречување на појава и ширење на заразни болести.Собирање и транспортирање на комуналниот смет од домаќинствата врши ЈКП Комунална хигиена во градот Македонски Брод и во пет населени места во општината.Во градот, комуналниот отпад се собира еднаш неделно  и два пати месечно во петте населени места на општината, согласно Програмата за работа на ЈКП.

Собраниот комунален отпад од домаќинствата и од стопанските објекти со специјални возила прилагодени за таа намена се транспортира и депонира на санитарната депонија Барбарас.

Организираното отстранување на отпадни води го врши Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ Македонски Брод. Во градот Македонски Брод прочистувањето на отпадните води го врши Пречистителна станица.Пречистителната станица за третман на отпадни води е со проектиран капацитет  до 5000е.ж.Капацитетот за прочистување  на отпадни води е максимум 15л/с.Процесот на обработка на отпадните води се одвива во две фази механички и биолошки.

Населените места во Општина Македонски Брод не се целосно покриени со канализациска мрежа (фекална и атмосферска) и затоа за одредени канализациони мрежи

се грижи Јавното претпријатие „Водовод и канализација“, а за оние кои не се под ЈП, се грижат МЗ од населените места од несовесното користење на канализацијата од граѓаните.

Вработените во ЈКП „Комунална хигиена“ кои во својата работа се изложени на опасност заради контакт со отпад вршат редовни систематски прегледи и задолжителна вакцинација од заразни болести.

Финансиски средства за собирање на комуналниот смет од домаќинства се обезбедуваат од наплата на комунален смет и други извори на финансиски средства за одржување на јавната чистота на територија на општината.

**3.3. Обезбедување санитарно – технички и хигиенски услови во јавни објекти и предучилишни и училишни установи**

**ЦЕЛ**

**●Одржување на беспрекорни хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.**

За постигнувањето на оваа цел потребно е:

✓Постојано одржување на хигиената во работните простории.

✓ Постојано одржување на хигиена со дезинфекција во санитарните јазли.

✓Течен сапун во тоалетите.

✓ Замена (каде што има потреба ) на чучавци со WC школки.

✓Зголемување на бројот на хигиеничари.

Финансиски средства за оваа цел ќе се обезбедат од училиштата од сопствени буџети.

● Следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најранливата група – децата.

● Создавање здрави поколенија преку континуирано следење на здравствената состојба на учениците и нивна имунизација согласно Правилникот за задолжителна имунизација.

●Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во предучилишните и училишните установи од овластена установа за ДДД, а со цел создавање на безбедна средина.

Децата и учениците се најосетливата категорија на население.За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања се вршат и редовните контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје. Врз основа на теренските увиди сите училишта и градинки добиваат извештај за најдената состојба, со предлог мерки за подобрување доколку е потребно. Секоја година пред почетокот на учебната година се изведува ДДД во училшните простории и предучилишните установи а по потреба и во текот на учебната година.

На територијата на Општина Македонски Брод има едно средно, едно основно училиште во чии рамки има седум подрачни училишта и една детска градинка.Средното општинско училиште има 114 ученици и 40 вработени. Бројот на ученици во основното општинско училиште Св.Климент Охридски заедно со подрачните училишта е 430 ученици, а бројот на вработени во училиштето е 90.Во училиштата формирана е Комисија

за следење на заразни заболувања и има назначено контакт лице за таа цел. Во досието на секое прикрепено дете е доставена потврда за вакциналниот статус.

Вршењето на здравствени прегледи на вработените во гореспоменатите училишта е согласно законските прописи.

Во училиштата на територијата на Општина Македонски Брод задолжителна е превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација два пати годишно.

За систематски прегледи и вакцинациите на учениците надлежен е Здравствениот дом Македонски Брод, а се вршат според однапред изготвен распоред на амбулантата по што училиштата благовремено се известуваат за распоредот и термините.

По добивањето на известувањето училиштата се обврзани да ги превземат потребните активности. За таа цел училиштата имаат назначено лице кое по известувањето од надлежната здравствена установа пристапува кон активности за спроведување на истата.

Систематските прегледи се извршуваат во прво, трето, петто и седмо одделение, а точните термини за систематските прегледи и вакцинацијата се определуваат дополнително.

Финансиски средства за оваа цел не се потребни.

Во ЈУ Детска градинка „7-ми Септември“ има вкупно 93 деца и 22 вработени.Установата нема формирано Комисија за следење на заразните болести.Оваа задача ја извршува директорот на установата. Во досието на секое дете постои Потврда за вакцинален статус кој е задолжителен поднесок при упис на дете.

Градинката има добра соработка со пунктот за имунизација и истата е по потреба на установата.

Во горе споменатите установи редовно се врши контрола од страна на санитарен и здравствен инспектор, како и лекари од ЦЈЗ и редовно се добиваат извештаи за извршените контроли. Редовно и навремено се вршат здравствени прегледи на вработените.

Финансиски средства за дел од овие активности се обезбедуваат од буџетот на установите а за дел од активностите не се потребни финансиски средства.

**3.4. Обезбедување на превентивно – промотивни активности за унапредувањето на здравјето на населението**

**ЦЕЛ**

●Промоција на здравјето и превенција од заразни болести преку здравствена едукација на учениците во основните училишта на територијата на општината.

●Унапредување на здравјето и заштита на локалното население од ХИВ инфекција преку подигање на свеста, формално и неформално образование, превенција и рано откривање.

**За спроведување на оваа мерка потребно е да се превземат следните активности:**

✓ Здравствена едукација.

✓Стекнување на позитивни навики и обичаи во врска со чување и унапредување на здравјето.

✓Промоција на здравјето и превенција од заразни болести учество ќе земат Единиците на локална самоуправа, Јавната здравствена установа, Центар за јавно здравје, месни заедници, основни училишта и невладини организации.

✓ Во 2024 година, советодавни и едукативни предавања во училиштата ќе се вршат и на други теми, согласно со потребите и можностите во соработка со ЈЗУ Здравствен дом – Македонски Брод и ЦЗЈ – Прилеп.

Финансиски средства за реализација на оваа цел не се потребни.

**3.5.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско – технички мерки на јавни објекти, предучилишни и училишни установи, населени места и јавни површини**

**ЦЕЛ**

Спречување на појава на штетници кои предизвикуваат или се носители на зарази.

Законот за заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизаца во здравствени,училишни, предучилишни и социјални установи, канализации, депонии и друго. Спроведувањето на ДДД во установите и другите јавни објекти ќе се врши врз основа на побарувања или склучени договори помеѓу ЈУ и овластена установа за ДДД, а со цел создавање на безбедна средина.
.

Препорака за превентивна дезинфекција,дезинсекција и дератизација би била вршење на превентивна дезинсекција на критични точки

Вкупната површина за ларвицидна дезинсекција е 3 ха.Предмет на третирање се блата и мочуришта како и водени засеци кои се образуваат по течението на река Треска во непосредна близина на градот.

Адултицидната дезинсекција ќе се спроведе во следните населени места: Реон Расадник, Требински пат, Базент, Фудбалско игралиште, пат за Кичево до с.Латово, Горни лозја, делови од градот Македонски Брод, пат за Самоков до мотел Пешна , Емо колектор, Лилјачко долче, Вител. Вкупната површина е 300 ха.

Ларвицидната дезинсекција ќе се изведува од месец април па се до месец септември според претходно утврдена динамика во зависност од степенот на инфестираност на комарци.

Адултицидна дезинсекција ќе се изведува во неколку наврати во месеците мај, јуни, јули и август, според тековен оперативен план.

Дератизацијата се врши со поставување на мамци во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање на атмосферска вода. Вкупниот број на опфатени шахти изнесува 150. Во секоја од третираните 150 шахти ќе се поставуваат по 200 грама отпорни на надворешни влијанија кумарински препарати или вкупно 30 килограми.

За превентивна дератизација на пречистителната станица за отпадни води ќе бидат поставени 5 килограми кумарински блокови во кругот на пречистителната станица на отпадни води.

**Финансиски план за реализација на програмата**

1. **Следење на безбедноста на водите за пиење - 30 000 во програма Ј4**

2. **Дезинфекција, Дезинсекција и Дератизација**

**2.1. Третирање на комарци во општина Македонски Брод**

Три третирања на комарци во Општина Македонски Брод (ларвицидна и адултицидна дезинсекција) ............ 130.000,оо денари

**2.2. Општа дератизација на канализациониот систем = 58 500денари**

60 кг. отров во градската канализација ....... 54. 000,оо ден.
5 кг. во пречистителна станица за отпадни води ..... 4.500,оо ден.

| **Програма** | **Вид на активности** | **Цена по активност во денари** |
|---|---|---|
| **Ј4** | **Следење на безбедноста на водите за пиење** | **30 000** |
| **Ј8** | **Уништување на комарци ( три третирања, адултицидна и ларвицидна дезинсекција)** | **130 000** |
| **Ј8** | **Дератизација на канализација** | **58 500** |
| | **ВКУПНО :** | **218 500** |

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 223/15
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Согласно член 36 став 1 алинеја 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и одредбите од Етичкиот кодекс на локалните функционери изготвен од ЗЕЛС и УНДП, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

## ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЛОКАЛНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

### *ПОГЛАВЈЕ I – ОПФАТ НА КОДЕКСОТ*

**Член 1**
**Предмет на кодексот**

Предмет на овој Кодекс е да се пропишат задолжителните стандарди на однесување на функционерите и да се информираат граѓаните, медиумите, деловната заедница, граѓанскиот сектор како и другите засегнати страни за стандардите на однесување кои функционерите имаат обврска да ги почитуваат.

**Член 2**
**Значење на изразите употребени во кодексот**

Изразите во овој Кодекс го имаат следното значење:

*Локален функционер* (во понатамошниот текст: функционер) го опфаќа секое избрано и именувано лице во општината, како и во јавните претпријатија, институциите и другите организации основани од нив;

*Локална самоуправа* – ги опфаќа сите општини во Република С.Македонија и градот Скопје.

*Должност* - ги означува надлежностите што произлегуваат од избраната или именуваната позиција како и сите активности што ги извршува функционерот во согласност со тие надлежности.

### *ПОГЛАВЈЕ II – ПРИНЦИПИ*

**Член 3**
**Почитување на законите и актите на локалната самоуправа**

Функционерот ја извршува должноста согласно со законот, актите на локалната самоуправа, Етичкиот кодекс и сите други прописи што ја определуваат неговата должност и секоја постапка во целост ја приспособува кон нив.

**Член 4**
**Приоритет на јавниот интерес и негова заштита**

Во извршувањето на должноста, функционерот му служи исклучиво на јавниот интерес а не на директни или индиректни лични интереси, на интересите на поединци или на групи поединци или на интересите на политичките партии.

**Член 5**
**Одговорност и отчет пред граѓаните**

Функционерот е избран од граѓаните на локалната заедница или именуван во нивно име и за вршење на должноста е одговорен првенствено и најмногу пред нив, вклучувајќи ги и оние граѓани што не гласале за него или за неговата листа на кандидати.

**Член 6**
**Заштита на угледот на Локалната самоуправа**

Во вршењето на должноста и во приватниот живот, за времетраењето на мандатот, функционерот постапува на начин што нема да му наштети на неговиот углед, угледот на администрацијата на локалната самоуправа или на локалната самоуправа во целина.

**Член 7**
**Заштита на имотот и средствата на локалната самоуправа**

Функционерот е свесен дека имотот и средствата со кои располага и за кои одлучува во вршење на должноста, им припаѓаат на граѓаните на локалната самоуправа и кон нив се однесува крајно одговорно и се грижи тие да се заштитат од злоупотреби.

**Член 8**
**Исполнување на изборната програма и ветувањата**

Функционерот го добива мандатот врз основа на изборната програма и заложбите и во вршењето на должноста се прдржува кон нив, настојувајќи со нивно исполнување да го подобри животот на граѓаните и на локалната заедница во целина.

## *ПОГЛАВЈЕ III – КОНКРЕТНИ ОБВРСКИ*

*Глава I*
*Пред преземање на должноста*

### Член 9
### Однесување во изборните кампањи

Функционерот учествува во изборната кампања само со аргументирање на програми, а не со клеветење на другите кандидати, политички партии или политичари, други поединци, со употреба на насилство и/или закани, со поткупување или со давање или ветување услуги.

### Член 10
### Финансирање на изборните кампањи

Свесен за законските обврски во однос на финансирањето на изборните кампањи, функционирањето на изборните кампањи, функционерот нема да се согласи со користење на буџетски средства или средства на јавни фондови и јавни претпријатија за чија било изборна кампања, ниту пак за неа ќе бара или ќе прими средства од нелегални извори.

*Глава 2*
*Извршување на должноста*

### Член 11
### Откажување од злоупотреба на должноста

Функционерот свесен за обврските што произлегуваат од законите и прописите на локалната самоуправа, во вршењето на должноста, ниту една своја постапка или активност нема да ја насочи кон злоупотреба на службената положба.

### Член 12
### Спречување на коруптивно однесување

Во извршувањето на должноста, функционерот е обврзан да се спротистави на секое однесување што согласно законите се квалификува како активно или пасивно подмитување или обезбедување поволности на некое лице или субјект.

Во случај на сомневање за тоа дали определено однесување е коруптивно, функционерот постапува согласно со законите и може да се обрати за мислење до антикорупциските институции и до органите за спроведување на законот и постапува согласно со препораките добиени од нив.

**Член 13**
**Спречување на судир на интереси**

Кога во вршењето на должноста функционерот е во ситуација да учествува во одлучување за прашање во кое има личен или било каков друг интерес освен јавниот, секогаш и исклучиво го заштитува јавниот интерес.

Ако функционерот има свој интерес во прашање во чие одлучување учествува, тоа ќе го пријави на телото што одлучува за прашањето пред да се почне со постапката по него, ќе побара свое исклучување од одлучувањето и на никаков начин нема да влијае врз оние што одлучуваат за него.

**Член 14**
**Ораничување на истовремено вршење на две или повеќе функции**

Функционерот не може истовремено да врши повеќе од една избрана или именувана, локална или државна должност, како и каква било друга позиција што може да го спречи или да го отргне од извршувањето на неговата должност во локалната самоуправа.

Особено не може да биде во позиција да врши надзор над сопствените задолженија во локалната самоуправа, ниту пак да биде ангажиран во активности од кои произлегува очигледен и неизбежен судир на интереси.

**Член 15**
**Примена на дискреционите овластувања**

Дискреционите овластувања се користат по исклучок и согласно со законите и актите на локалната самоуправа а функционерот што донел таква одлука е должен да има и на барање да даде детално објаснување за основите и причините за таквата одлука.

**Член 16**
**Ограничување на примање и давање подароци**

Функционерот не бара, не прима, ниту допушта друг во негово име да прифати или да даде подароци, услуги, гостопримство или друга лична корист поврзана со вршење на должноста, освен изрази на благодарност со симболична вредност, чиј износ е пропишан со закон или со акт на локалната самоуправа.

**Член 17**
**Почитување на буџетската и финансиската дисциплина**

Функционерот одговорно се однесува кон буџетот на локалната самоуправа и странската помош, особено кон задолжувањето на општината надвор од предвидените буџетски ставки и доследно се придржува до актите што го регулираат финансискот работење.

*Глава 3*
*По напуштањето на должноста*

**Член 18**
**Ограничување на поволности по напуштање на должноста**

По напуштање на должноста, функционерот не се ангажира на работа во приватни фирми врз кои , во време на мандатот, вршел надзор или воспоставувал договорен однос.

## *ПОГЛАВЈЕ IV – НАЧИН НА НАДЗОР*

*Глава 1*
*При преземање на должноста*

**Член 19**
**Утврдување на изворите и трошоците за кампања**

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа а се насочени кон утврдување на изворите на финансирање на неговата кампања и висина на трошоците за неа.

*Глава 2*
*Во извршување на должноста*

**Член 20**
**Пријавување на интересите**

Функционерот доследно ги почитува прописите за пријавување на имотната состојба, личните и семејните интереси.

**Член 21**
**Придржување до внатрешните и надворешните мерки на надзор**

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа а се насочени кон надзор над неговата работа.

**Член 22**
**Обврска за пријавување на коруптивно барање и однесување**

Ако функционерот дознае за коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа, должен е тоа веднаш да го пријави на институциите за спречување на корупцијата и на органите на прогонот.

**Член 23**
**Заштита за предупредувачите**

Функционерот ги почитува и ги заштитува другите функционери или вработените во администрацијата на локалната самоуправа кои заради заштита на јавниот интерес предупредуваат на коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа.

## *ПОГЛАВЈЕ V –ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА*

**Член 24**
**Јавност во донесувањето на одлуките**

Функционерот е должен да даде детални причини за донесените одлуки и постапки, освен за оние што со пропис се прогласени за доверливи, при што особено внимание им обрнува на факторите што потврдуваат дека се таквите постапки во согласност со прописите и дека се во јавен интерес.

## *ПОГЛАВЈЕ VI – ОДНОСИ СО ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА*

**Член 25**
**Вработувања и унапредувања во локалната самоуправа**

Функционерот се залага за спречување на вработување и унапредување во администрацијата на локалната самоуправа врз основа на кои и да е други начела освен начелата на стручност, компетентност, и покажани позитивни резултати во работата.

**Член 26**
**Почит кон вработените во локалните ограни на власта**

Функционерот ги почитува и професионално се однесува кон вработените во администрацијата на локалната самоуправа, без оглед на нивната етничка, верска и политичка припадност или убедување и од нив не бара да се однесуваат на незаконски, коруптивен или неетички начин.

### Член 27
### Унапредување на работата на локалната самоуправа

Во рамките на својата должност, функционерот се залага за подобрување на условите за работа, мотивираноста и отчетот на администрацијата на локалната самоуправа, особено за ефикасноста и ефективно обезбедување на услугите на граѓаните.

## *ПОГЛАВЈЕ VII – ОДНОСИ СО МЕДИУМИТЕ*

### Член 28
### Активна и пропорционална транспарентност

Функционерот одговара исцрпно, искрено и целосно на секое барање од медиумите што се однесува на информации во врска со вршење на неговата должност, но нема да дава доверливи информации или информации во поглед на приватниот живот на функционерот или на трети лица.

Функционерот ги поттикнува и промовира мерките што служат за подобрување на мерките за медиумска покриеност на неговите овластувања, извршувањето на неговите задолженија и функционирањето на службите и одделите што се под негово раководство.

Во случај да нема доволна медиумска покриеност на општинските активности, со што би се обезбедила информираност на јавноста, функционерот ќе преземе соодветни програмски иницијативи за да се обезбеди таква покриеност.

## *ПОГЛАВЈЕ VIII – ИНФОРМИРАЊЕ, ДИСТРИБУЦИЈА И ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА*

### Член 29
### Поддршка на спроведувњето на Етичкиот кодекс

Функционерот ги почитува медиумите, деловната заедница и граѓанскиот сектор и бара активна поддршка од нив во поттикнување на свеста за потребата за етичко однесување.

### Член 30
### Прифаќање на Етичкиот кодекс од функционерите

Пред стапување на должност, функционерот по писмен пат потврдува дека ги разбрал и ги прифаќа обврските од овој Кодекс и дека ќе се однесува во согласност со нив, што е неформален услов за преземање на должноста и започнување на нејзиното вршење.

**Член 31**
**Прифаќање на Етичкиот кодекс од кандидатите на изборите**

Како потврда на намерата да се однесуваат етички и одговорно ако бидат избрани или именувани, кандидатите за функционери во локалната самоуправа можат писмено да го прифатат овој Кодекс.

**Член 32**
**Објавување на Етичкиот Кодекс**

Во рамките на можностите, локалната самоуправа презема мерки за што поширока дистрибуција на Кодексот со цел со него да бидат запознаени сите вработени во локалната самоуправа и колку што е можно поголем број граѓани, медиуми и невладини организции.

**Член 33**
**Следење на спроведувањето на Кодексот на ниво на локалната самоуправа**

Советот на локалната самоуправа може да основа тело за следење на почитувањето на овој Кодекс, кое може на функционерите, граѓаните и на медиумите да им дава објаснување за суштината на Кодексот, како и за деталите околу неговото спроведување.

**Член 34**
**Следење на спроведувањето на Кодексот на државно ниво**

Со прифаќањето на овој Кодекс, функционерот ја прифаќа и надлежноста за следење на неговото почитување од страна на тело на државно ниво кое би можело да биде формирано или одобрено од Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Бр. 18 – 223/16
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со Одлуката за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 3/22) и Правилникот за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.18 - 202/1 од 08.02.2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со предмет бр.18 - 202/1 од 08.02.2024 година.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

***СПОГОДБА***
***за надомест на штета***

*Склучена на ден ___.___.2024 год. помеѓу:*

1. *Милисав Јованоски, ул.„Злате Михајлоски“ бр.2 Скопје со ЕМБГ* [redacted] *во понатамошниот текст прва спогодбена страна*
2. *Општина Македонски Брод, со ЕМБС 6057608 и ЕДБ 4018004103727 со седиште на ул.„7-ми Септември“ бр.4, Македонски Брод, застапувана од Градоначалникот м-р Жарко Ристески, во понатамошниот текст втора спогодбена страна.*

*Член 1*

*Предмет на спогодбата е надомест на материјална и нематеријална штета на - Милисав Јованоски ул.„Злате Михајлоски“ бр.2 Скопје.*

*Штетата е настаната како последица на напад од куче скитник, кое што го каснало на левата нога во пределот на потколеница и нанесло телесна повреда предизвикало силни болки, за кој што настан има комплетна документација.*

*Член 2*

*Двете страни на оваа спогодба се договорија да втората спогодбена страна, се обврзува на првата спогодбена страна и исплати надомест на материјална и нематеријална штета во вкупен износ од 30.000,00 денари.*

*Член 3*

*Првата спогодбена страна со потпишување на оваа спогодба се откажува од правото да поведе судска постапка за предметот на оваа спогодба.*

*Член 4*

*Во случај на спор надлежен е Основниот Суд во Кичево.*

*Член 5*

*За се што не е пропишано во оваа спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи.*

*Член 6*

*Спогодбата е склучена во четири еднообразни примероци од кои по два за секоја страна.*

*Член 7*

*Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.*

*Прва спогодбена страна,*
*Милисав Јованоски,*
____________________

*Втора спогодбена страна,*
*Градоначалник,*
*м-р Жарко Ристески*
____________________

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да ја потпише горецитираната спогодба, по предметот бр.18 - 202/1 од 08.02.2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 223/17
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со Одлуката за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.3/22) и Правилникот за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
**за давање согласност за склучување на спогодба во врска**
**со предмет бр. 03-137/1 од 24.01.2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со предмет бр. 03-137/1 од 24.01.2024 година.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

***СПОГОДБА***
***за надомест на штета***

*Склучена на ден ___.___.2024 год. помеѓу:*

1. *Роза Алампиоска, ул.Ѓорче Петров бр.7 Македонски Брод со ЕМБГ* [redacted] *во понатамошниот текст прва спогодбена страна и*
2. *Општина Македонски Брод, со ЕМБС 6057608 и ЕДБ 4018004103727 со седиште на ул.7-ми Септември бр.4, Македонски Брод, застапувана од Градоначалникот м-р Жарко Ристески, во понатамошниот текст втора спогодбена страна.*

*Член 1*

*Предмет на спогодбата е надомест на материјална и нематеријална штета на - Роза Алампиоска, ул.„Ѓорче Петров“ бр.7 Македонски Брод.*

*Штетата е настаната како последица на напад од куче скитник, кое што го каснало на левата нога во пределот на потколеница и нанесло телесна повреда предизвикало силни болки, за кој што настан има комплетна документација.*

*Член 2*

*Двете страни на оваа спогодба се договорија да втората спогодбена страна, се обврзува на првата спогодбена страна и исплати надомест на материјална и нематеријална штета во вкупен износ од 30.000,00 денари.*

*Член 3*

*Првата спогодбена страна со потпишување на оваа спогодба се откажува од правото да поведе судска постапка за предметот на оваа спогодба.*

*Член 4*

*Во случај на спор надлежен е Основниот Суд во Кичево.*

*Член 5*

*За се што не е пропишано во оваа спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи.*

*Член 6*

*Спогодбата е склучена во четири еднообразни примероци од кои по два за секоја страна.*

*Член 7*

*Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.*

*Прва спогодбена страна,*
*Роза Алампиоска,*
____________________

*Втора спогодбена страна,*
*Градоначалник,*
*м-р Жарко Ристески, с.р.*
______________________

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да ја потпише горецитираната спогодба, по предметот бр. 03-137/1 од 24.01.2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“ .

бр.18 - 223/18
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/20), член 3 од Одлука за времено користење на простор во СОУ „Св.Наум Охридски“ бр.18 - 113/8 од 23.01.2024 година и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), по предлог на Градоначалникот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на 21.02.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потребата од објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод.

Член 2

Младинскиот центар е од отворен тип и ќе биде достапен на младите најмалку 20 часа неделно, распоредени во најмалку 5 дена, утврдено по Правилникот за стандарди за квалитет на Младинските центри (арх.бр.12 - 923/1, од 07.04.2021 година), донесен од Агенцијата за млади и спорт.

Член 3

Наменетиот простор за функционирање на Младинскиот центар во Македонски Брод во СОУ „Св.Наум Охридски“ ќе се додели на управување на избраната/те организација или група организации, по завршувањето на Јавниот повик.

Се задолжува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да спроведе објава на Јавниот повик и истиот на транспарентен начин биде јавно објавен на официјалната интернет страница на општината.

Член 4

Правото на учество и условите кои треба да ги исполнуваат апликантите ќе бидат утврдени во посебно изготвен Правилник, кој го донесува Советот на Општина Македонски Брод.

Член 5

Општина Македонски Брод секоја година во Буџетот на Општина Македонски Брод е должна да обезбеди финансиски средства во Програма за млади и спорт во ставката за Младинскиот центар, додека останатите средства организацијата која ќе раководи со Младинскиот центар ги обезбедува од други извори.

Член 6

Градоначалникот на Општина Македонски Брод, формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 223/19
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број.5/02), член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод, на 33 - та седница одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МЛАДИ КОЈА ЌЕ РАКОВОДИ СО МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР ВО МАКЕДОНСКИ БРОД

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката за објавување на Јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод, потребните документи при постапката на аплицирање од страна на апликантот, како и информација за формирање и работа на Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик.

**Член 2**

На Јавниот повик за изборна младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод имаат право да се пријават младински организации или организации за млади кои се регистрирани во Регистарот на младински организации и организации за млади, согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за младинско учество и младински политики.

**Член 3**

Според Статутот на Општина Македонски Брод член 21, („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 32 - та седница, одржана на 23.01.2024 година со бр.18 - 113/8 донесе “Одлука” и дава согласност на времено користење на една просторија “Кантина” која се наоѓа во СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод, кои на Одлука од страна на УО на СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод со бр.02/-669/2 од 20.12.2023 година е предвидена за користење на активностите на Младинскиот центар.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

Со цел да се реализира донесената Одлука од Советот на Општина Македонски Брод за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод, Општина Македонски Брод објавува Јавен повик. Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Македонски Брод (www.mbrod.gov.mk). Јавниот повик трае 30 (триесет) дена од денот на објавувањето. Во прилог на Јавниот повик ќе бидат објавени сите потребни документи на апликации (достапни во електронска верзија), изработени врз основа на стандардите за квалитет на младинските центри од: „Правилникот на Агенцијата за млади и спорт".

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 5**

Право на учество на Јавниот повик имаат:

- Младински организации или организации за млади кои се регистрирани во Регистарот на младински организации и организации за млади, согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за младинско учество и младински политики;
- организации за млади со седиште или подружница во Општина Македонски Брод или на друго место кои се регистрирани во Регистарот на младински организации и организации за млади и чадор организации при Агенцијата за млади и спорт;
- постојат повеќе од 3 (три) години и работа во полето на младинската работа.

**Член 6**

Заинтересираната организација/организации, потребно е да достави/ат:

- Пријава;
- Годишна програма за работа на Младинскиот центар, која ги исполнува стандардите за квалитет на Младинските центри, преку која ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот на заедницата преку:
    - Неформално образование: обучување и подучување на млади;
    - Информирање, менторство, подучување и советување;

- Информално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади.

- Годишен буџет за спроведување на предложената програма;
- Портфолио на организацијата или организациите кои се пријавуваат на Јавниот повик, во кое јасно ќе се гледа нејзиниот/нивниот придонес и работа во сферата на младинската работа;
- Биографии на сите лица кои ќе бидат ангажирани во спроведување на годишната програма – квалификувани младински работници врз основа на Националното портфолио за младински работници;
- Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија не постара од шест месеци од организацијата или организациите.

**Член 7**

Пријавите со целокупната документација утврдена во член 6 на овој Правилник, во затворен коверт, се поднесуваат по поштенски пат или лично, до Комисијата за разгледување и евалуација на пријави, во архивата на Општина Македонски Брод, на ул. „7-ми Септември” бр.4, 6530 Македонски Брод, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот. Службеникот во архивата на Општина Македонски Брод, примените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат пријавите. На ковертот треба да е наведена назнаката „За Јавен повик за избор на младинска организација или организацијаза млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод”.

**Член 8**

За спроведување на постапката, Градоначалникот формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик, составена од претседател и 4 (четири) членови. Комисијата е составена од 3 (три) члена претставници на општинската администрација и 2 (два) члена претставници на Советот на Општина Македонски Брод. Комисијата врз основа на доставената документација за исполнување на критериумите, во рок од 3 (три) дена по завршување на рокот од Јавниот повик, до Градоначалникот ќе достави мислење со предлог за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод. Врз основа на доставеното мислење од Комисијата за разгледување и евалуација на пријави, Градоначалникот, во рок од најмногу 30 (триесет) дена, донесува Решение за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод .

Во рок од 3 (три) дена од донесеното Решение за избор, Градоначалникот склучува Договор за управување со Младинскиот центар во периодот од минимум три (3) години,

со избраната младинска организација или организации. Во случај на заедничка пријава од повеќе организации, Договорот ќе биде потпишан со една од организациите (предложена во апликацијата) во име на неформалната група организации.

**Член 9**

По завршување на јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави со цел да се утврди дали истите се уредни и комплетни, односно дали е содржат потребната документација од член 6 на овој Правилник.
Некомплетните барања нема да бидат предмет на понатамошна постапка. Комисијата ги известува сите учесници на јавниот повик за резултатите од истиот во рок од 3 дена од денот на донесувањето на Решението за избор. Известувањето ќе се изврши со објавување на донесеното Решение за избор од Градоначалникот, на официјалната интернет страница на Општина Македонски Брод.

**Член 10**

Избраната организација е должна на истекот од календарската година до Советот на Општина Македонски Брод да достави извештај за реализација на годишната програма, во едно и годишна програма со предлог буџет за наредната календарска година.

**Член 11**

Овој Правилник влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

Бр.18 - 223/20
21.02.2024 година
Македонски Брод

Советот на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на 21.02.2024 година ја донесе, следната

# П Р О Г Р А М А

## за дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2024 година

### Член 1

Со оваа Програма се врши дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2024 година со број 18 - 873/6 од 30.11.2023 година и тоа:
Во точка **3. Изградба – модернизација и реконструкција на улици** се дополнува со нова активност бр.3.15, која гласи**:**

| | |
|---|---|
| **3.15** | Поставување на лежечки полицајци на улица „Партизанска“ и „Илија Игески Цветан“ |

### Член 2

Оваа дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2024 година, влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 223/21
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 21 став 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за донесување на Урбана ревизија за Општина Македонски Брод

Член 1

Се донесува Одлука за донесување на Урбана ревизија за Општина Македонски Брод

Член 2

Урбаната ревизија за Општина Македонски Брод содржи:

1. Ргионално опкружување;

1.1. Регионална економија и границите на околината на Општината,

1.2. Демографија.

2. Урбанистичка поставеност и организација на Општината;

2.1. Зафатеност на земјиштето.

3. Трендови и проекции на население.
4. Општинска економија.
5. Општински услуги, средства, одржување.
6. Недостатоци и потреби.
7. Проекти за урбан развој, тековни и идни проекти.
8. Предложени проекти, избор и консултации;

8.1. Критериуми за квалификување за приоритет на проекти.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 223/22<br>21.02.2024 година<br>Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод<br>Претседател,<br>Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 25 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14 .... 14/20), членовите 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96 и 97 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14 ....11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19 ... 99/22), член 13 од Законот за пожарникарство („Службен весник на РМ“ бр.168/17), членовите 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112 и 113 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ“ број 74/2015....288/21) и член 26 од Колективниот договор бр.08 – 145/1 од 26.01.2024 година, в.в со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/02), Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на ден 21.02.2024 година го донесе, следниот

# П Р А В И Л Н И К
за измена на Правилникот за плати на вработените во Општина Македонски Брод

Член 1

Со овој Правилник, се менува Правилникот за плати на вработените во Општина Македонски Брод бр.18 – 396/6 од 28.04.2022 година.

Член 2

Во точка 2.Плата и надоместоци на плата на административните службеници, во членот 9 став 1 после алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

- додаток на плата заради усогласување со минимална плата

Член 3

После член 12 се додава нов член 12а, кој гласи:

Член 12а,
Додаток на плата заради усогласување со минимална плата

На вработените во Општина Македонски Брод им се обезбедува додаток на плата заради пораст на минималната плата, согласно член 26 од Колективниот Договор бр.08 - 145/1 од 26.01.2024 година, склучен помеѓу Општина Македонски Брод, Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи, здруженија на граѓани и Синдикална организација на Синдикатот на УПОЗ при Општина Македонски Брод .

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со почеток на исплата на плата за месец Јануари 2024 година.

Број 18 – 223/23
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со поднесени барања од правни и физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# ЗАКЛУЧОК

за препраќање на барања од м.з. с.Латово до УО на ЈКП „Комунална хигиена“

1. Барањето од м.з. с.Латово со бр.18 - 204 од 08.02.2024 година со кое се бара не прифаќање на Одлука со бр.18 - 873/24 од 30.11.2023 година за собирање на комунален смет во село Латово се разгледа.

2. Горенаведеното барање се препраќа до УО на ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод со задолжување по истото да се даде предлог решение за понатамошно постапување и одлучување. Предлогот да се достави до Советот на Општина Македонски Брод во најкус можен рок заради одлучување по барањето.

Бр.18 - 223/24
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со поднесени барања од правни и физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на ден 21.02.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за препраќање на барање до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина

1. Барањето од РОМА КИС ДООЕЛ со бр.18 – 213 од 12.02.2024 година со кое се бара нивелирање на монтажна платформа пред влезот на објектот се разгледа.

2. Горенаведеното барање се препраќа до Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина со задолжување по истото да се даде предлог решение за понатамошно постапување и одлучување. Предлогот да се достави до Советот на Општина Македонски Брод во најкус можен рок заради одлучување по барањето.

Бр.18 - 223/25
21.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22 ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесе

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 33 - та седница
одржана на ден 21.02.2024 година

Се објавуваат Одлуки, решенија и заклучоци, што Советот на Општина Македонски Брод ги донесе на 33 - та седница, одржана на ден 21.02.2024 години и тоа како следи:

1. Решение за разрешување на Претседател на Совет на Општина Македонски Брод;
2. Решение за избор на Претседател на Совет на Општина Македонски Брод;
3. Решение за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на управниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод;
4. Решение за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на надзорниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод;
5. Решение за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод;

6. Решение за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на надзорниот одбор на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод;

Заклучок за усвојување на полугодишна информација за безбедносната состојба на подрачјето на ОВР ПС – ОН Македонски Брод за второ полугодие за 2023 година;

8. Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2024 година;

9. Програма за дополна на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2024 година;

10. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ Дом на култура Македонски Брод за 2023 година;

11. Измена и дополна на Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2024 година;

12. Измена и дополна на Програмата за социјална заштита на Општина Македонски Брод за 2024 година;

13. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2024;

14. Етички кодекс на локалните функционери на Општина Македонски Брод;

15. Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.18 - 202/1 од 08.02.2024 година;

16. Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.03 - 137/1 од 24.01.2024 година;

17. Одлука за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод;

18. Правилник за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод;

19. Програма за дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2024 година;

20. Одлука за донесување на Урбана ревизија за Општина Македонски Брод;

21. Правилник за измена на Правилникот за плати на вработените во Општина Македонски Брод;

22. Заклучок за препраќање на барање од м.з.с.Латово до УО на ЈКП „Комунална хигиена“;

23. Заклучок за препраќање на барање до Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животна средина.

Бр. 08 - 223/27<br>
23.02.2024 година<br>
Македонски Брод

Општина Македонски Брод<br>
Градоначалник,<br>
м-р Жарко Ристески, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на продолжението на 33 - та седница одржана на ден 28 Февруари 2024 година го донесе, следниот

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Завршната сметка за 2023 година
на Општина Македонски Брод

1.Советот на Општина Македонски Брод ја усвои Завршната сметка за 2023 година на Општина Македонски Брод, финансискиот извештај за 2023 година и годишниот извештај за користење на средствата од Резервите за 2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 223/28
28.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 21 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен весник на општина Македонски Брод“ бр.4/17), Советот на општина Македонски Брод на 33 - та седница одржана на 28.02.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година бр.18-936/3 од 26.12.2023 година, објавена во („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 12/23), во член 14 ставот 1 се менува и гласи: „Исплатата на платата на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, согласно Закон за исплата на платите во Република Северна Македонија, Закон за административни службеници, Закон за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката, Закон за работни односи, Општиот колективен договор за јавниот сектор, Гранскиот колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија, Колективен договор на Општина Македонски Брод и други законски, подзаконски и интерни акти“.

**Член 2**

Членот 28 се менува и гласи:„Вработените имаат право на регрес за годишен одмор во висина од 40 % од просечната исплатена месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во претходната година, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавецот.

Исплатата на регресот за годишен одмор ќе се врши од потставката - Надомест за годишен одмор  на основа донесено решение од Градоначалникот".

**Член 3**

Членот 29 се менува и гласи:„Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во износ од двократен износ на просечна месечна нето-плата по работник во Република Северна Македонија, објавена до денот на исплатата.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му се исплаќа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Република Севрна Македонија, објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта односно во годината која следи по годината на настапување на смртта и донесено решение од Градоначалникот на општината.

За работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања".

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

Бр.18 - 223/29
28.02.2024 година

Совет на Општина Македоснки Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на продолжението на 33 - та седница одржана на ден 28 Февруари 2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за жиро с-ки 7450106599 903-10, 787-16, 603-19 општинска, 785-19 и 785-23 донаторска сметка за 2023 година

1. Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Завршната сметка на Основно општинско училиште „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за жиро-сметки 7450106599 903-10, 787-16, 603-19 општинска сметка, 603-19, 785-19 и 785-23 донаторска сметка за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Број 18 - 223/30
28.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на продолжението на 33 - та седница одржана на ден 28 Февруари 2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Завршната сметка на СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод за жиро с-ки 7450106629 903-17, 787-12, 603-15, 785-34, 785-49, 785 53, 785 68 ,785 20 и 785 72 за 2023 година

1. Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Завршната сметка на Средното општинско училиште „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод за жиро с-ки 903-17, 787-12, 603-15, 785-34, 785-49, 785 53, 785 68, 785 20 и 785 72 за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Број 18 - 223/31
28.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на продолжението на 33 - та седница одржана на ден 28 Февруари 2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Завршната сметка на ОЈУ за деца Детска градинка „7-ми Септември“ Македонски Брод за жиро с-ки 903 наменски дотации и 787 самофинансирачка с-ка за 2023 година

1. Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Завршната сметка на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „7-ми Септември“ Македонски Брод за жиро с-ки 903 наменски дотации и 787 самофинансирачка с-ка за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Број 18 - 223/32
28.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на продолжението на 33 - та седница одржана на ден 28 Февруари 2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Завршната сметка на ОУ Дом на култура Македонски Брод за жиро с-ки 903-17, 787-12 и 603-15 за 2023 година

1. Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Завршната сметка на Општинска установа Дом на култура Македонски Брод за жиро с-ки 903-17, 787-12 и 603-15 за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Број 18 - 223/33
28.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на продолжението на 33 - та седница одржана на ден 28 Февруари 2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Завршната сметка на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2023 година

1. Советот на Општина Македонски Брод донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Број 18 - 223/34
28.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на продолжението на 33 - та седница одржана на ден 28 Февруари 2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод за 2023 година

1. Советот на Општина Македонски Брод донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Број 18 - 223/35
28.02.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на продолжението на 33 - та седница одржана на 28.02.2024 година ја донесе, следната

# О Д Л У К А

за давање на позитивно мислење за склучување на Меморандум за разбирање со Операција Флоријан и Општина Македонски Брод

Член 1

Се дава позитивно мислење за склучување на Меморандум за разбирање со Операција Флоријан и Општина Македонски Брод.

Член 2

Со склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Операција Флоријан и Општина Македонски Брод се прифаќаат сите услови и насоки за реализцијата на проектот „Јакнење на капацитетите за противпожарна заштита во Општина Македонски Брод“.

Член 3

Советот на Општина Македонски Брод го овластува Градоначалникот за склучување на Меморандум за разбирање со Операција Флоријан и Општина Македонски Брод.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 223/36
28.02.2024 година

Претседател на Совет
на Општина Македонски Брод
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на продолжението од 33 - та седница одржана на ден 28.02.2024 година ја донесе, следната

# О Д Л У К А

за утврдување на приоритет за реконструкција на ул.„Васко Карангелески” со краци во Македонски Брод

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за реконструкција на ул.„Васко Карангелески” со краци во Македонски Брод, во должина од 700м.

Член 2

За реализација на овие активности, средствата се обезбедени од Светска банка преку Министерство за транспорт и врски на РСМ.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 223/37
28.02.2024 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22 ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на продолжението на 33 - та седница одржана на ден 28.02.2024 година

Се објавуваат Одлуки, решенија и заклучоци, што Советот на Општина Македонски Брод ги донесе на продолжението на 33 - та седница, одржана на ден 28.02.2024 годині и тоа како следи:

1.Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2023 година на Општина Македонски Брод;

2.Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година;

3.Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Св.Климент Охридски" Македонски Брод за жиро с-ки 7450106599 903-10, 787-16, 603-19 општинска, 785-19 и 785-23 донаторска сметка за 2023 година;

4.Заклучок за усвојување на Завршната сметка на СОУ „Св.Наум Охридски" Македонски Брод за жиро с-ки 7450106629 903-17, 787-12, 603-15, 785-34, 785-49, 785 53, 785 68 ,785 20 и 785 72 за 2023 година;

5.Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОЈУ за деца Детска градинка „7-ми Септември" Македонски Брод за жиро с-ки 903 наменски дотации и 787 самофинансирачка с-ка за 2023 година;

6.Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОУ Дом на култура Македонски Брод за жиро с-ки 903-17, 787-12 и 603-15 за 2023 година;

7.Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈП „Водовод и канализација" Македонски Брод за 2023 година;

8.Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Комунална хигиена" Македонски Брод за 2023 година;

9.Одлука за давање на позитивно мислење за склучување на Меморандум за разбирање со Операција Флоријан и Општина Македонски Брод и

10.Одлука за утврдување на приоритет за реконструкција на ул.„Васко Карангелески” со краци во Македонски Брод.

Бр. 08 - 223/39<br>29.02.2024 година<br>Македонски Брод

Општина Македонски Брод<br>Градоначалник,<br>м-р Жарко Ристески, с.р.

**Службен гласник број 2 од 29.02.2024 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Решение за разрешување на Претседател на Совет на Општина Македонски Брод ........................................................................................................................................ стр. 2

Решение за избор на Претседател на Совет на Општина Македонски Брод ....... стр. 3

Решение за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на управниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод ........................................................................................................................ стр. 4

Решение за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на надзорниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод ........................................................................................................................ стр. 5

Решение за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод ........................................................................................................................ стр. 6

Решение за продолжување на важноста на Решението за разрешување на членови и именување на в.д. членови на надзорниот одбор на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод ........................................................................................................ стр. 7

Заклучок за усвојување на полугодишна информација за безбедносната состојба на подрачјето на ОВР ПС – ОН Македонски Брод за второ полугодие за 2023 година ..... стр. 8

Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2024 година ........................................... стр. 9

Програма за дополна на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2024 година ................................................................... стр. 10

Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ Дом на култура Македонски Брод за 2023 година ........................................................................... стр. 11

Измена и дополна на Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2024 година ................................................................... стр. 12

Измена и дополна на Програмата за социјална заштита на Општина Македонски Брод за 2024 година .............................................................................................. стр. 13

Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2024 година .............................................................................................. стр. 14

Етички кодекс на локалните функционери на Општина Македонски Брод ..... стр. 21

Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.18 - 202/1 од 08.02.2024 година ........................................................................................ стр. 29

Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.03 - 137/1 од 24.01.2024 година ........................................................................................ стр. 31

Одлука за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод ............................................................................................................................... стр. 33

Правилник за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Македонски Брод ............................................................................................................................... стр. 35

Програма за дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2024 година ............................................................................................................................... стр. 39

Одлука за донесување на Урбана ревизија за Општина Македонски Брод ....... стр. 40

Правилник за измена на Правилникот за плати на вработените во Општина Македонски Брод ................................................................................................... стр. 41

Заклучок за препраќање на барање од м.з.с.Латово до УО на ЈКП „Комунална хигиена“ .................................................................................................................. стр. 42

Заклучок за препраќање на барање до Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина .................................... стр. 43

Заклучок за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 33 - та седница одржана на ден 21.02.2024 година .......................................................................... стр. 44

Заклучок за усвојување на Завршна сметка за 2023 година на Општина Македонски Брод ..................................................................................................................... стр. 46

Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година ............................................................ стр. 47

Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за жиро с-ки 7450106599 903-10, 787-16, 603-19 општинска, 785-19 и 785-23 донаторска сметка за 2023 година ........................................................................ стр. 49

Заклучок за усвојување на Завршна сметка на СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод за жиро с-ки 7450106629 903-17, 787-12, 603-15, 785-34, 785-49, 785 53, 785 68, 785 20 и 785 72 за 2023 година ........................................................................ стр. 50

Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ОЈУ за деца Детска градинка „7-ми Септември“ Македонски Брод за жиро с-ки 903 наменски дотации и 787 самофинансирачка с-ка за 2023 година ........................................................................................... стр. 51

Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОУ Дом на култура Македонски Брод за жиро с-ки 903-17, 787-12 и 603-15 за 2023 година ............................................ стр. 52

Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2023 година ........................................................................... стр. 53

Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод за 2023 година ........................................................................... стр. 54

Одлука за давање на позитивно мислење за склучување на Меморандум за разбирање со Операција Флоријан и Општина Македонски Брод .................................................. стр. 55

Одлука за утврдување на приоритет за реконструкција на ул.„Васко Карангелески” со краци во Македонски Брод ................................................................................ стр. 56

Заклучок за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на продолжението на 33 – та седница одржана на ден 28.02.2024 година ......................... стр. 57